# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**кон Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година**

## ЗАКОНСКИ ОСНОВИ

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РСМ "бр.5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РСМ."бр.61/2004, 96/2004, 67/2007,156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21 год.) и член 36 од Законот за буџети („Службен весник на РСМ“бр.64/05, 04/08, 103/08, 156/09,95/10,180/11,171/12,192/15,167/16 и 151/21 ) Советот на Општината Битола на 17-тата седница одржана на ден 16.09.2022 година донесе Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Битола за 2022 година.

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година се планираат дополнителни средства за електрична енергија заради заради настанатата енергетска криза, се планираат дополнителни средства за функционирање на културната установа Киц Битола,за финансиска подршка на професионалниот спорт,за субвенции за ЈП Жабении и Пазари,направени се пренамени во делот на капиталните инвестиции дел од едногодишните планирани проекти преминаа во развојни програми и обратно заради динамиката на изведување на градежните работи и пренамени во пооделни програми во сметката за наменски и блок дотации и донации се со цел нормално функционирање и реализирање на програмите кај пооделни буџетски корисници.

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година , се направени врз основа на промените во соодветните програми на секторите и одделенијата во општина Битола.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
## ПРИХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Планирани извори на приходи со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година од кои ќе се финансираат расходите на Општина Битола во Буџетот за 2022 година се од :

1. ***Даночни приходи***
2. ***Неданочни приходи***
3. ***Капитални приходи***
4. ***Трансфери и донации***

Приходите на Буџетот на општината за 2022 година се планирани согласно законските рамки и досегашниот тренд на наплата од изворните приходи и дотациите од Буџетот на Република Северна Македонија и со Буџетот за 2022 година се планираат износи кои се дадени во табелата:

| | **Ребаланс 1** | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|
| Даночни приходи | **454.039.382,00** | **490.374.382,00** |
| Неданочни приходи | **156.459.700,00** | **156.064.400,00** |
| Капитални приходи | **158.550.000,00** | **121.215.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| Трансфери и донации | **1.433.068.142,00** | **1.492.200.941,00** |
| **Вкупно**: | **2.202.117.224,00** | **2.259.854.723,00** |

Од табеларниот приказ се заклучува дека со измените и дополнувањата во Основниот буџет вкупниот износ се менува за разликата во износот на средствата кои ни се доделени од Министерството за локална самоуправа за проектот Изградба на линиски инфраструктурни градби согласно ДУП за АРМ стамбена улица 1,четврт 1 во висина од 4.000.000,00 денари и 10.401.203,00 денари добиени како разлика во дотацијата од ДДВ.Извршени се и измени во делот на приходите во зависност од степенот на остварување на истите.

Приходите од Самофинансирачки активности се намалуваат за износ од 1.395.300,00 денари.

Приходите од Дотации со измените и дополнувањата во приходниот дел се зголемуваат за 36.948.640,00 по дополнително добиените средства од соодветните министерства за образование, култура и социјална заштита.

Приходите од Донации се зголемуваат за 7.782.956,00 денари, заради добиени дополнителни донации и се врши и прераспределба во пооделни програми кај одделни ставки по барање на буџетските корисници.

И со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година најголемо учество во вкупните приходи со 66,03 % имаат приходите остварени од трансфери и донации, 21,70 % отпаѓаат на даночни приходи, додека останатите 6,91% се приходи од неданочни приходи и 5,36 % од капитални приходи.

## ПЛАНИРАНИ БУЏЕТСКИ РАСХОДИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Вкупните планирани расходи на Општина Битола за 2022 година со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година ќе изнесуваат **2.259.854.723,00** денари и со тоа се запазува буџетското правило на балансирани приходи и расходи. Истите се утврдени по одредени намени и видови согласно економската класификација.Вкупните расходи се зголемуваат за 57.737.499,00 денари.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 862.468.801,00 | **879.808.116,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 578.904.568,00 | **633.898.959,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 | **50.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 106.958.379,00 | **127.581.379,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 5.000.000,00 | **5.000.000,00** |
| **48** | Капитални расходи | 632.385.476,00 | **597.534.269,00** |
| **49** | Отплата на главница | 14.500.000,00 | **14.282.000,00** |
| | **Вкупно:** | 2.202.117.224,00 | **2.259.854.723,00** |

Измените во расходниот дел се направени врз основа на измените на Програмите на одделението за комунални дејности,одделение за урбанистичко планирање и животна средина, секторот за јавни дејности (култура, образование, спорт,одделение за економски развој) како и врз основа на промени во поединечни ставки за реализација на редовните активности на општината со кои менаџира Секторот за правно-нормативни, административни и општи работи.

Учеството на капиталните расходи е со 26,44% со што ќе се иницира изградбата на нова инфраструктура и ќе се подобрат јавните услуги.

Во делот на расходите за стоки и услуги на кои отпаѓаат 28,05% покрај обезбедувањето на редовното функционирање на општината се содржани и расходите за финансирање на комуналните услуги и тековното одржување на основното образование и детската заштита, старскиот дом и зоолошката градина Платите и надоместоците на вработените во општинската администрација и локалните јавни установи учествуваат со 38,93%.Субвенциите и трансферите во најголем дел ги опфаќаат трансферите до невладините организации,спортските клубови, ќе учествуваат со 5,65 %.Социјалните бенефиции ќе учествуваат со 0,22% и резервите и недефинираните расходи со 0,07%, каматните плаќања со 0,01% и отплата на главница со 0,63%.

## ТЕКОВНО- ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

Во рамките на тековно - оперативните расходи доминираат расходите за стоки и услуги 38,13 % и плати и надоместоци 52,93 % со што се обезбедува редовна основна функција на општината и локалните јавни установи, и субвенции и трансфери 7,67%.Тековно – оперативните расходи се зголемуваат за 92.588.706,00 денари.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **40** | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 862.468.801,00 | **879.808.116,00** |
| **41** | Резерви и недефинирани расходи | 1.700.000,00 | **1.700.000,00** |
| **42** | Стоки и услуги | 578.904.568,00 | **633.898.959,00** |
| **45** | Каматни плаќања | 200.000,00 | **50.000,00** |
| **46** | Субвенции и трансфери | 106.958.379,00 | **127.581.379,00** |
| **47** | Социјални бенифиции | 5.000.000,00 | **5.000.000,00** |
| **49** | Отплата на главница | 14.500.000,00 | **14.282.000,00** |
| | **Вкупно** | 1.569.731.748,00 | **1.662.320.454,00** |

## КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

Капиталните расходи во најголем дел се однесуваат на изготвување на проекти, изградба на улици и патишта,водовод, канализација во урбаниот дел на општината, како и во руралниот дел на општината.Во капиталните расходи се планирани и средства за купување на мебел, опрема возила и машини.Учеството на капиталните расходите изнесува 26,44%.Капиталните расходи се намалуваат за 34.851.207,00 денари со измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола за 2022 година.

| | | Ребаланс 1 | **Ребаланс 2** |
|---|---|---|---|
| **480** | Купување на опрема и машини | 72.294.998,00 | **70.083.113,00** |
| **482** | Други градежни објекти | 524.827.493,00 | **495.128.171,00** |
| **483** | Купување на мебел | 8.544.483,00 | **7.524.483,00** |
| **485** | Вложувања и нефинансиски средства | 19.224.250,00 | **17.704.250,00** |
| **486** | Купување на возила | 7.494.252,00 | **7.094.252,00** |
| | **Вкупно:** | 632.385.476,00 | **597.534.269,00** |

# ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ПО ПРИОРИТЕТИ УТВРДЕНИ ВО ПРОГРАМИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

### *А0-СОВЕТ НА ОПШТИНА*

Со предложените измени и дополнувањата во Основниот буџет на Општина Битола во програмата А0- Совет на Општина Битола планираниот износ од **20.414.724,00 денари** се менува и гласи **24.098.724,00 денари.** Зголемувањето во најголем дел во оваа програма се однесува на зголемување на ставката 464990-Разни трансфери за 4.312.000,00 денари која е целосно потрошена, заради непредвидени трошоци како доделување на субвенции за првачињата за школската 2022/2023 година и 512.000,00 денари за доделени средства на поединци во спортот за што се намалува во оваа програма ставката 463120-Трансфери до спортски клубови за 512.000,00 денари.

### *Д0- ГРАДОНАЧАЛНИК*

Работата на Градоначалникот на Општина Битола која се финансираше во износ од **6.579.600,00 денари** се менува и гласи **7.929.600,00 денари** или зголемување од 1.350.000,00 денари во најголем дел во ставката за Трансфери при пензионирање заради поголемиот број на лица кои оваа година заминаа во пензија.

### *Д1- МЕСНА САМОУПРАВА*

Средствата кои се предвидени во оваа програма се наменети за тековно одржување на месните заедници и се зголемуваат во делот на средствата за електрична енергија за **400.000,00 денари.**

### *Е0-ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Со предложените измени во програмата Е0- Општинска администрација планираниот износ од **167.729.800,00 денари се менува и гласи 172.626.800,00 денари** или имаме зголемување за 4.897.000,00 денари.

Зголемување на трошоците во оваа програма имаме во најголем дел кај трошоците за електрична енергија заради настанатата енергетска криза средствата за течни горива,транспорт на луѓе, рушење на објекти, разни трансфери и други трошоци.

### *ЕА- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА*

Со измените и дополнувањата,средствата во оваа програма се намалуваат за 1.610.000,00 денари или од планираните **41.153.865,00 денари износот се менува и гласи 39.543.865,00 денари.**

Во колона Донации во оваа програма планираните средства за реализација на проектот Смар-кул тур останувaат на исто ниво во износ од **2.060.250,00 денари.**

### *Ф1- УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ*

Во буџетот на Општина Битола планираните средства во делот на урбанистичкото планирање и уредување на просторот во износ од 9.200.000,00 денари, со измените и дополнувањата во Буџетот на општината ќе изнесуваат **5.200.000,00 денари.**

***Г1-ПОДРШКА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***

Расходите од оваа потпрограма се наменети за партиципација на општината во проекти , партиципација на општината во центарот за рамномерен регионален развој за тековно работење подршка на проекти кофинансирање на општината и подршка на други проекти. Вкупниот износ од **19.280.822,00 денари останува ист.**
Во колона Донации средствата за реализација на проектите: Креирање на можности за работа за сите, ОКР СРЦ, Ромска здравствена заштита, Бенефит се зголемуваат за **299.000,00 денари.**

***Г2-ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ***

Со измените предложени во Буџетот на општината за 2022 година средствата наменети во оваа програма во износ од **1.000.000,00 денари остануваат исти.**
**Во колоната Донации** планирани се средства за реализација на проектот Смарт -кул-тур во износ од **246.000,00 денари исто така остануваат на исто ниво.**

***ГД-ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ***

Со измените и дополнувањата на буџетот на општината за 2022 година програмата за проекти за енергетска ефикасност ќе се реализира со средства од **4.816.702,00 денари или намалување од 4.241.498,00 денари,** во најголем дел за средствата кои беа планирани во изградбата на капацитети во енергетиката за трафостаницата кај градскиот стадион кои изминатата година беа исплатени при крајот на годината.
Во колоната Донации во оваа програма планираните средства за реализација на проектот Бенефит-капитални расходи остануваат на исто ниво **10.452.432,00 денари.**

***Ј2- ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ***

Оваа програма го опфаќа субвенционирањето на јавното претпријатие Жабени заради тешката финансиска положба во која се наоѓа и средствата се зголемуваат за **150.000,00 денари** , средства кои му се потребни на јавното претпријатие да направи ревизија на работењето и вкупната сума ќе изнесува **1.150.000,00 денари.**

***Ј3- ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

За јавното осветление во општина Битола, планираните средства во висина од 78.900.000,00 денари **се зголемуваат на 88.207.819,00 денари.** Зголемувањето во износ од **9.307.819,00 денари** се однесува на електричната енергија заради настанатата енергетска криза.

***Ј4- ЈАВНА ЧИСТОТА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на јавната чистота во општината, односно собирање и транспортирање на комунален отпад и одржување на местата за селективно собирање на отпад од страна на ЈП Комуналец - Битола.
Програмата е планирана да се реализира со средства во висина од **18.000.000,00 денари** со измените и дополнувањата останува на исто ниво.

***Ј6- ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА,УЛИЦИ,И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ***

Програмата за одржување и заштита на локалните улици и патишта и регулирање на режимот на сообраќај со измените и дополнувањата на Буџетот на општина Битола за 2022 година се менува од 25.508.688,00 денари **на 26.508.688,00 денари** или се зголемува за **1.000.000,00 денари** за одржување на вертикална сигнализација.

***Ј7- ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со одржување на постојните паркови и обновување на зеленилото во општината од страна на ЈП Комуналец- Битола.

Програмата се планира да се финансира со средства зголемени за **12.000.000,00 денари,** заради зголемен обем на работа на јавното претпријатие.

***Ј8- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ***

Планираните средства за дезинфекција, деритизација, дезинсекција во износ од **2.000.000,00 денари** остануваат на исто ниво.
Во оваа програма планираме средства за субвенционирање на јавното претпријатие Пазари во износ од **500.000,00 денари** за редовни активности на претпријатието.

***ЈА- ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛЕНИЕ***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со набавка, реконструкција и поставување на нови системи за јавно осветлување.
Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **11.699.436,00 денари.**

***ЈД- ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба и реконструкција на локални патишта и улици,подготвување на проекти за улици и патишта како и надомест за одземен имот.
Програмата беше планирана да се реализира со средства во висина од 109.646.901,00 денари се менува и гласи **117.880.303,00 денари.** Дел од проектите кои беа предвидени да се реализираат со едногодишната програма на одделението за комунални дејности преминуваат во развојна програма заради текот на градежните активности.

Во колоната Донации планираните средства за реализација на капиталните расходи за проектот Смарт кул тур-капитални расходи остануваат исти, додека средствата за проектот Реконструкција на улиците Струшка и Сутјеска се зголемуваат за **575.742,00 денари.**

***ЈФ- ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со поставување и заменување на сообраќајните знаци и заштитна опрема на локалните патишта и улици, односно подигање на вертикална сигнализација.

Програмата ќе се реализира со средства во висина од **9.100.115,00 денари,** помалку за 549.885,00 денари.

*ЈГ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителниот систем на територијата на општината и набавка на потребната опрема, подготвување на проекти за капацитети за водоснабдување. Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **15.495.484,00 денари или за 2.555.532,00 денари повеќе од претходно планираниот износ.**

*ЈИ- ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи кои се поврзани со изградба, реконструкција и доградба на канализациониот систем (атмосферска и фекална канализација) на територијата на општината и набавка на потребната опрема,подготвување на проекти и др.

Планираната програма со средства во висина од 34.964.580,00 денари се менува и гласи **41.183.903,00 денари** или за 6.219.323,00 денари повеќе од претходно планираниот износ.

Од проектот Реконструкција на канализационата мрежа на улиците Струшка и Сутјеска средствата се зголемуваат за **436.425,00 денари.**

*ЈЛ- ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)*

Во оваа програма се планираат капиталните расходи за други комунални услуги како изградба и реконструкција на други објекти и подготвување на проекти за други објекти. Програмата се планира да се реализира со средства во висина од **32.220.999,00 денари или за 7.239.305,00 денари помалку од претходно планираниот износ.**

*К3-МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ*

Кај буџетскиот корисник од програмата К3- Музејска и кинотечна дејност- Зоолошка градина со измените и дополнувањата на буџетот на општината во Основниот буџет се врши пренамена на средства во корист на електричната енергија и средствата со кои се финансира зоолошката градина во основниот буџет се **2.500.000,00 денари.** Пренамени се вршат и во Сметката за Самофинансирачки активности која останува на исто ниво од **2.616.000,00 денари.**

Кај Сметката за Дотации средствата во износ од 12.233.861,00 денари се менуваат и гласат **13.442.501,00 денари** или средствата се зголемуваат за **1.208.640,00 денари.**

Во оваа програма К3- измени се јавуваат во програмата на установата КИЦ за која се испланирани во сметката на Основниот буџет средства за плати, средства за реализација на тековните активности на установата и реализација на нивната програма во висина од **8.394.169,00 денари.**Средствата во Сметката за Самофинансирачки активности се планирани во висина од **4.555.000,00 денари** и остануваат на исто ниво, извршени се пренамени само во делот на одредени ставки.

*К4-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО*

Програмата за реализација на културните настани во 2022 година која беше планирана да се реализира со средства во висина од 13.700.000,00 денари, се менува и гласи **20.900.000,00 денари.**

***КА-КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (Капитални трошоци)***

Во колоната Самофинансирачки активности се капиталните расходи од програмата К3- Музејска и кинотечна дејност на зоолошката градина во висина од **390.000,00 денари** кои со измените и дополнувањата на буџетот на Општина Битола остануваат на исто ниво.

***ЛО-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со организирање на спортски активности манифестации, поддржување на натпревари на општинско ниво, поддршка на училишниот спорт, поддршка на масовни спортско рекреативни активности на граѓаните и друго.

Со измените и дополнувањата на буџетот на општината, програмата се планира да се реализира со зголемени средства од 14.500.000,00 денари, така да износот за реализација на програмата од 55.000.000,00 денари се менува и гласи **69.500.000,00 денари.**

***ЛА-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ( Капитални трошоци)***

Во рамките на оваа програма се планирани средства за купување на спортски реквизити за училиштата во висина од **500.000,00 денари.**

***Н1-ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Во оваа програма се планираат расходи поврзани со работењето на основните училишта и тоа: плати и надоместоци на вработените во основните училишта, набавка на канцелариски и друг материјали, трошоци за телефон, интернет, поштенски услуги, електрична енергија, греење, вода, подигање на смет, тековни поправки и одржување на згради, канцелариска опрема и возила во сопственост на основните училишта и други расходи.

Во колона Буџет во програмата Н1- Основно образование беа планирани средства за подршка на работата и активностите на основните училишта со средства во висина од 44.578.680,00 денари, со измените и дополнувањата на буџетот за 2022 година средствата се намалуваат за 464.000,00 денари и ќе изнесуваат **44.114.680,00 денари.**

Средствата планирани од Самофинансирачки активности се намалуваат исто така за незначителни 2.500,00 денари и ќе изнесуваат **9.214.800,00 денари.** Средствата планирани во Дотации се зголемуваат за **15.271.000,00 денари** и ќе изнесуваат **457.784.961,00 денари,** а се наменети за зголемување на средствата за плати на вработените во основно образование, електрична енергија, течни горива, превозни услуги во образованието. Средствата од Донации исто така се зголемуваат за 3.315.789,00 денари по барање на буџетските корисници и ќе изнесуваат **21.083.147,00 денари,** за добиени нови донации од програмата Еразмус.

***Н2- СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година кај буџетските корисници од програмата Н2- Средно образование имаме измена во висината на средствата кај сметката Самофинансирачки активности и тоа намалување во износ од **142.800,00 денари** по барање на корисниците од оваа програма. Зголемување имаме кај сметките за Донации за износ од **2.948.000,00 денари**.

Сметката за Дотации се зголемува во висина од 8.000.000,00 денари, средства наменети за зголемување на платите на вработените, електрична енергија, течни горива,купување на информатичка опрема и други трошоци.

***НА-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Со вториот ребаланс на буџетот на Општина Битола за 2022 година, измена на средствата во оваа програма имаме во делот на Самофинансирачките сметки зголемување за **150.000,00 денари**, и во делот на сметките за Донации имаме зголемување **208.000,00 денари.**

***НБ-КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Битола за 2022 година измена на висината на средствата во оваа програма исто така нема и остануваат на исто ниво кај сметките за Донации,само кај сметките од Самофинансираки активности имаме намалување од **1.400.000,00 денари** по барање на буџетските корисници.

***Р1-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА***

Во буџетот на општина Битола се планираат расходи поврзани со превземањето на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина кои не се во исклучива надлежност на други државни органи.

Планираните средства на Општина Битола за активности за зачувување и унапредување на здравјето, животната и работна средина, со измените и дополнувањата на буџетот на општина Битола за 2022 година од **6.500.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

Во колоната Донации се планираат тековно-оперативните расходи од проектот Интеграција зелен транспорт и тие средства остануваат на исто ниво од **3.188.072,00 денари**.

***РА-ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА( КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)***

Програмата каде се се планираат капитални расходи поврзани со унапредување и заштита на животната средина и природа ќе се реализира со средства во висина од **2.279.000,00 денари** од буџетот на општината, а останатите доделени средства ќе се исплатат директно кон добавувачот по пат на цесија од страна на Министерството за животна средина.

Во колоната Донации се предвидени средства за реализација на проектот Интеграција на зелен транспорт (капитални расходи) во висина од **7.650.572,00 денари** остануваат на исто ниво.

***В1-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Детските градинки како буџетски корисници немаат измени во делот на планираните средства кај Самофинансирачки активности и Донациите.

Се зголемуваат само средствата од Дотации во висина од 11.650.000,00 денари , наменети за зголемување на платите на вработените во градинките, за нови вработувања , за зголемување на средствата за течни горива, реконструкција на објектите.

***ВА- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ***

Детските градинки како буџетски корисници немаат измени во делот на планираните средства од **13.460.000,00 денари** во оваа програма.Средствата остануваат на исто ниво кај сите сметки.

***В2-ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

Домот за стари лица со измените и дополнувањата на Буџетот на општината за 2022 година има промени во планираните износи кај сметките за Дотации зголемување од **819.000,00 денари** во делот на течните горива и пренамени на пооделни ставки за зголемување на средствата за струја,вода и канализација .

Се зголемуваат и средствата кај сметката за Самофинансирачки активности во износ од **1.500.000,00 денари** во делот на течните горива,лекови и други трошоци.

***ВБ- КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА***

И во оваа програма Домот за стари лица согласно мерките за штедење на Владата ги намалува средствата од 2.130.000,00 денари на **630.000,00 денари.**

***Ј0-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА***

Средствата од Буџетот на Општина Битола наменети за реализација на оваа програма во износ од 7.183.500,00 денари се зголемуваат за 2.009.263,00 денари и ќе изнесуваат **9.192.763,00 денари** заради исплата на средства за плати и прекувремени саати на пожарникарите , а кои средства недостигаат во наменската дотација на ТППЕ, исто така предвидени се и средства за исплата на други надоместоци за пожарникарите за храна и превоз

Средствата од наменска дотација од Министерство за Одбрана во износ од **19.800.000,00 денари,** наменети исклучиво за плати на вработените во ТППЕ- Битола, исто така остануваат на исто ниво.

***ЈА-ПРОТИВПОЖАРНАТА ЗАШТИТА ( Капитални трошоци)***

Во колоната Буџет планираните средства за капитални расходи за ТТПЕ од **650.000,00 денари** остануваат на исто ниво.

***Џ1-РОДОВА ЕДНАКВОСТ***

Во оваа програма се планираат тековно – оперативните расходи поврзани со родовата еднаквост. Програмата е вградена во програмата за работа на КЕМ и се планираат активности во делот воведување на родовиот пристап во креирање на политики, донесување на одлуки и пристап до ресурсите на општината. Родовата еднаквост преку образование, култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и против родово основано насилство и трговија со луѓе.

Програмата се планира со измените и дополнувањата на буџетот да се реализира со средства на исто ниво во висина од **2.050.000,00 денари.**

# ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

**Општината Битола приоритет му даде на 31 развојни проекти со измените и дополнувањата на Општина Битола за 2022 година**

| | | Ребаланс 1 | Ребаланс 2 |
|---|---|---|---|
| JDI | Реконструкција на улица „Илинденска“ | 8.530.941,00 | 4.534.140,00 |
| JDA | Реконструкција на дел од улица „Довлеџик“ | 10.630.520,00 | 11.440.290,00 |
| JDB | Реконструкција на мостовите на р. Драгор | 10.378.100,00 | 11.991.266,00 |
| JDM | Реконструкција на локален пат с.Трново-с.Магарево | 9.681.076,00 | 9.681.076,00 |
| JDE | Изградба на дел од улица Крушевска република | 13.116.000,00 | 3.116.000,00 |
| JDF | Реконструкција на улица Македонска фаланга | 7.910.030,00 | 7.910.030,00 |
| JDR | Реконструкција на улица „2-ри Август“ | 2.905.813,00 | 3.663.485,00 |
| JDJ | Реконструкција на улица 7 ми јули | 3.503.000,00 | 3.503.000,00 |
| JDP | Реконструкција на улица Н.Н. Борче | 5.481.555,00 | 5.481.555,00 |
| JDK | Реконструкција на улица „Булевар 1-ви Мај“ | 1.703.553,00 | 1.703.553,00 |
| JDL | Реконструкција на улица Солунска | 10.701.970,00 | 13.094.636,00 |
| JDV | Изградба на улица СТУ 3 во АРМ | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| JDG | Изградба на улици во с. Логоварди | 7.079.336,00 | 7.079.336,00 |
| JDT | Изградба на ул СТУ1 во АРМ четврт 1 | | 100.000,00 |
| JDD | Изградба на улица СРУ 5 во АРМ четврт 1 | | 353.720,00 |
| KAM | Партерно уредување околу Офицерски дом | 6.415.570,00 | 2.389.852,00 |
| KAR | Набавка,транспорт и монтажа на канделабри | 2.336.000,00 | 1.361.718,00 |
| LAA | Реконструкција на други објекти | 86.962.817,00 | 83.962.817,00 |
| LAB | Изградба на мултифункционален спортски комплекс | 500.000,00 | 500.000,00 |
| GDA | Гасификација на Општина Битола | 0 | 0 |
| VAA | Изградба на детска градинка во АРМ | 29.839.407,00 | 12.339.407,00 |
| WAA | Противпожарна заштита (капитални расходи) | 500.000,00 | 500.000,00 |
| JIM | Реконструкција на атмосферска канализациона мрежа на ул„Довлеџик“ | 2.100.000,00 | 2.767.021,00 |
| JIA | Реконструкција на канализациона мрежа на ул„2-ри Август“ | 650.000,00 | 650.000,00 |
| JIS | Реконструкција на фекална канализација на ул Булевар 1-ви мај | 3.588.995,00 | 3.588.995,00 |
| JIV | Изградба на атмосферска канализација на ул СТУ 3 во АРМ | 287.660,00 | 287.660,00 |
| JGA | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„2-ри Август“ | 1.074.387,00 | 1.074.387,00 |
| JGM | Реконструкција на водоводна мрежа на ул„Булевар 1-ви Мај“ | 3.000.000,00 | 3.000.000,00 |
| JGS | Изградба на систем за водоснабдување од граница на ГУП до с. Брусник | | 100.000,00 |
| JLA | Изградба на парк | | 6.000.000,00 |
| JLB | Адаптација на објектза ветеринарна заштита-прифатилиште за кучиња | | 500.000,00 |
| | Вкупно | 229.876.730,00 | 203.673.944,00 |

***Изработил***

***Сектор за финансиски прашања***